UNITED NATIONS
NORTH MACEDONIA

# БИЛТЕН ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

10

# АПР 2021



## НАСЛОВИ


**Уводник:** Одговорно раководење стр **1**

**COVID-19** одговор и други ОН активности стр **2**

**Годишен извештај за резултати во 2020 на ОН** стр **3**

**Во фокус:** локално управување стр **4**


## ПОВАЖНИ НАСТАНИ

### МАРТ

**28** пристигна првата пратка од вакцините преку КОВАКС.

### АПРИЛ

**7** Светски ден на здравјето и почеток на кампања на СЗО за здравствена правичност.

**8** Меѓународен ден на Ромите

**8** Северна Македонија одбележа 28 години членство во Обединетите нации.

**21** Северна Македонија, поддржана од УНДП, поднесе нови, зголемени национални климатски заложби до UNFCCC согласно договорот од Парис (82% намалување на емисиите до 2030; 8,000 нови зелени работни места и €47 милиони генерирани за економија преку циркуларни пристапи).

**19-23** Почеток на МОТ Зелена недела, која собира иноватори, бизнис лидери, експерти за политики и практичари од животната средина да истражуваат како зелената иднина на светот ќе изгледа и како да стигнеме до таму.

**21-28** UN Women и Проектот за здрави опции Скопје, во партнерство со Коалиција маргини и Националната мрежа против насилство врз жени и домашно насилство, спроведоа онлајн тренинг за медиумски работници на родово-базирано насилство врз жени и девојчиња.

www.facebook.com/1un.mk
www.twitter.com/1UN_MK

## УВОДНИК од постојаниот координатор на ОН

Пандемијата со КОВИД-19 не потсети дека животот на Земјата значи споделени интереси и потреби, и заедничка посветеност и дејствување. Мораме да ги ставиме настрана личните, корпоративните интереси и интересите на институциите и политичките партии за да им помогнеме на останатите и така да си помогнеме себеси. Во овој наш свет на поврзаности, вирусот брзо се шири и ги преминува границите и континентите и притоа не ги разликува сиромашните од богатите. Оттаму, единствената универзална заштита - вакцините, можат да бидат ефективни само ако се достапни за сите.

Здравствените и социо-економските влијанија, сосема очекувано, беа помалку поразителни за побогатите општества каде има помала поларизираност и поголема спремност за соработка, и функционални институции со одговорно управување кои уживаат поголема доверба од луѓето. Видовме многу примери на брзо дејствување по пат на соработка и на глобален план и локално, преку волонтерски служби организирани во заедниците за им помогнат на постарите и најранливите, до зелени ленти со кои се надмина прекинот во синџирот на снабдување, локални и регионални донации коишто помогнаа во давањето медицински одговор, и конечно, соработка на глобално ниво преку која се овозможи развој и распределба на вакцини во невообичаено кус временски период.

За жал, гледаме и многу примери на ограничена соработка, недоволно или неодговорно заедничко дејствување. На глобален план, наспроти најдобрите напори, глобалните диспаритети сепак се отсликаа и во распределбата на вакцини: до крајот на април, над 900 милиони вакцини беа администрирани на глобално ниво, но, над 81% завршија во земјите со високи или високи до средно високи приходи, а земјите со ниски приходи добија само 0.3%.

Огромната самопожртвуваност на медицинскиот кадар и волонтерите понекогаш беше проследена со слики од клубови и собири на луѓе без маски и физичка дистанца, политички изјави полни взаемни обвинувања наместо заедничко, одлучно дејствување преку соработка. Видовме парализирани институции во неможност да го исполнат својот мандат поради отсуство на политички консензус, што доведе до кусок во социо-економската поддршка за оние на кои им е најпотребна. Недостигот на прецизни статистички податоци за влијанијата од пандемијата, особено врз најранливите групи, и понатаму е препрека за влијателно дејствување, коешто честопати е попречено и од корупција и пренасочување на оскудните ресурси за закрепнување. Заедно со подемот на дезинформациите и лажните вести, и глобално и локално, тоа и понатаму негативно влијае на менталното здравје и го зголемува стравот кај населението.



Затоа е клучно да продолжиме да ставаме акцент и да покажуваме преку нашата пракса дека мораме да дејствуваме заеднички, одговорно и несебично за нашата планета, за нашите земји и за нашите заедници. Сега, како никогаш претходно, мораме да ги ставиме настрана нашите разлики и да работиме на прашањата кои не поврзуваат, да бараме консензус, да ги надминеме блокадите. Откако ќе го победиме нашиот заеднички непријател, вирусот, можеме да продолжиме да се натпреваруваме со најдобри идеи и решенија за одржлив развој и живот во свет каде човештвото и останатиот дел од природата егзистираат заеднички во кохезија и напредуваат.

Во Северна Македонија, сега имаме уникатна можност заеднички да се договориме за споделената визија за иднината, преку формулирање на Националната стратегија за развој за следните 20 години, и да ја поддржиме нејзината имплементација. Клучно е да се изгради националната перспектива која го отсликува меѓугенерацискиот, меѓупартискиот, меѓуетничкиот, родовиот и социјалниот консензус за работите коишто сметаме дека се најважни за идните генерации. Треба да бидеме иновативни, со отворен ум, досетливи и да соработуваме. Ако визијата е договорена и споделена од сите, тогаш може да започне и натпреварот за тоа како најдобро да ја спроведеме. ОН ќе продолжат и понатаму да даваат целосна поддршка во тој поглед.

**Росана Дуѓак**
Постојан координатор на ОН во Северна Македонија

# COVID-19 ОДГОВОР И ДРУГИ ОН АКТИВНОСТИ

Агенциите на ОН и понатаму даваат поддршка за одговорот на КОВИД-19 во земјата со посебни интервенции и длабински анализи во нивните соодветни области на експертиза.

Северна Македонија ја прими првата пратка на државно финансирани вакцини за КОВИД-19 преку КОВАКС механизмот на крајот на месец март. Механизмот КОВАКС, како столб во снабдувањето со вакцини во рамки на Акцелераторот за пристап до КОВИД-19 алатки (ACT), е заеднички управуван од страна на Коалицијата за иновации за подготвеност за епидемии (CEPI), Алијансата за вакцини Gavi, и **Светската здравствена организација (СЗО)**, во партнерство со **Фондот за деца на ОН (УНИЦЕФ)** како главен партнер за имплементација, како и со граѓанските организации, производителите на вакцини, Светска банка, и други.

За да се даде поддршка на Министерството за здравство (МЗ) во надминување на колебливоста околу вакцините и градење на јавната доверба, УНИЦЕФ подготви и спроведе мултимедијална кампања за информирање за зголемена доверба во вакцините, со акцент на вакцините за КОВИД-19. Кампањата се спроведува на телевизија и на социјалните мрежи и претставува надополнување на останатите активности за информирање на Владата. Целта е да се изгради генерално доверба во вакцините, и особено за вакцините за КОВИД-19 преку надминување на пречките за прифаќање на вакцините и активно преземање чекори да се даваат прецизни информации како начин за враќање на довербата. Кампањата е дел од заедничките активности на ОН, финансирани во рамки на Фондот за давање одговор и закрепнување од КОВИД-19. Во рамки на истиот проект, СЗО преку каналите на социјалните мрежи споделува видеа за имунизација на македонски и албански јазик; а Фондот за население на ОН (УНФПА) започна подготвителни активности за обезбедување услуги за сексуалното и репродуктивното здравје преку мобилни клиники. Клиниките се наменети за ранливи жени и девојчиња во областите со мала расположливост и пристап до услуги, коишто беа дополнително влошени поради пандемијата со КОВИД-19. Подготовките се однесуваат на развој на одржлив модел на мобилни услуги кои ќе бидат интегрирани во системот за е-здравство.

Во соработка со МЗ и со поддршка од УСАИД, УНИЦЕФ и СЗО ставија во употреба мобилна апликација HealthBuddy+ која нуди пристап до ажурирани и проверени информации за КОВИД-19 и механизам за повратни информации од јавноста за да се овозможи пристап до сигурни информации. Апликацијата беше промовирана на панел дискусија „Дезинформациите и пандемијата со КОВИД-19" со лидерите за да се дискутира за „инфодемијата" за КОВИД-19, каде учество земаа 135 учесници, меѓу кои и млади луѓе.

СЗО и МЗ го спроведоа првиот циклус од Програмата за професионален развој, со која беа опфатени околу 430 медицински сестри и акушери од примарната здравствена заштита, кои стекнаа нови знаења и вештини за здравствени услуги со повисок квалитет. Програмата е подготвена со цел да се поддржи имплементацијата на новиот модел на примарна здравствена заштита, што започна да се спроведува на почетокот на 2019 год. и истиот беше прилагоден на предизвиците и потребите предизвикани со пандемијата со КОВИД-19.

**Меѓународната организација на трудот (МОТ)** издаде „ Проценка за социјалната сигурност во одговорот на КОВИД-19: Лекции од Западен Балкан и Источна Европа од првата фаза на пандемијата" со компаративен преглед на националните мерки за социјална сигурност во одговорот на КОВИД-19 во седум земји (Албанија, Босна и Херцеговина, Молдавија, Црна Гора, Северна Македонија, Србија и Украина), преку анализа на нивната ефективност и на долгорочните последици, како и осврт на идните предизвици за подобрување на системите за социјална сигурност. Во извештајот главно се разгледуваат кеш бенефициите и се заклучува дека фискалните мерки во седумте земји се генерално пониски од оние во Западна Европа или земјите членки на ЕУ во Централна и Источна Европа, и – со малку исклучоци – претежно се насочени на директно дополнително трошење за претпријатијата и домаќинствата. Според проценките на МОТ, вредноста на фискалните стимулативни мерки во првите три тримесечја од 2020 изнесувала 23% од вкупната загуба на работни часови за Јужна Европа и 54% за Источна Европа.

**Меѓународната организација за миграции (ИОМ)** започна да спроведува курс за е-учење за КОВИД-19 на влезните точки составен од пет модули и наменет за службениците кои се во директен контакт со луѓето во движење. Во согласност со насоките од СЗО, преку курсот, службениците ќе се запознаат со историјатот, главните симптоми, начините на пренесување и превенција на КОВИД-19, како и за основите за психолошка прва помош. Покрај тоа, со курсот ќе се унапреди разбирањето на меѓународната законска рамка во одговорот на КОВИД-19 на влезните точки и клучните чекори за откривање и справување со заболени патници, истакнувајќи ја важноста да се заштитат правата на мигрантите во контекст на КОВИД-19. Курсот е достапен на англиски јазик на платформата на ИОМ за е-учење platform E-Campus, и наскоро ќе биде преведен на локалните јазици на Западен Балкан.

## ДРУГИ ОН АКТИВНОСТИ

Помагајќи на Агенцијата за вработување во спроведувањето на Оперативниот план за вработување, **Канцеларијата на ОН за проектни услуги (УНОПС)** поддржа 52 невработени лица да отворат компании и 140 невработени лица да се обучат за професиите за кои постои голема побарувачка. Грантови за поддршка во износ од 307,000 денари се доделени на 18 невработени лица ширум земјата. Преку проектот Нордиска поддршка за напредокот на Северна Македонија, УНОПС обучи околу 600 државни службеници од релевантните владини институции за различни аспекти од пристапниот процес во ЕУ во тесна соработка со Секретаријатот за европски прашања.

УНПФПА обезбеди експертска поддршка за Државниот завод за статистика во врска со заложбите за информирање во врска со пописот во 2021.

UN Women започнаа кампања на социјалните мрежи „Како да се биде активен граѓанин?" за да се подигне свеста за важноста на учеството на жените во процесите на носење јавни одлуки на локално ниво, заедно со Акција Здруженска, партнери во проектот за родово одговорно буџетирање. UN Women и партнерите од Мрежата на асоцијации на локалните власти во ЈИЕ, беа домаќини на Вториот форум на жени градоначалнички во ЈИЕ: Инклузивен локален економски развој, заедно со Конгресот на локални власти од Молдавија (ЦАЛМ). На настанот присуствуваа над 180 учесници, меѓу кои и градоначалници, претседатели на општински совети, локални службеници и претставници на меѓународните организации, каде што имаа можност да ги споделат најдобрите практики за родово одговорни локални интервенции во ЈИЕ, што беше финансиски поддржано од Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) и Шведската агенција за меѓународен развој и соработка (СИДА). Асоцијацијата за здравствена едукација и истражување (ХЕРА) ја организираше втората серија на обуки за јакнење на капацитетите на граѓанските организации за обезбедување специјализирани услуги за психо-социјално советување на жртвите на насилство надвор од Скопје.

Со поддршка од **Програмата за развој на ОН (УНДП)** преку климатската иницијатива финансирана од ЕУ, Северна Македонија поднесе нова заложба за климатска акција според Договорот од Париз во април. Земјата се обврза да ги намали емисиите на стакленички гас за 82% споредено со нивото од 1990, да отвори 8,000 нови зелени работни места и да усвои циркуларен пристап што според проекциите треба да обезбеди 47 милиони евра за економијата. Климатската акција и политиките во рамки на зајакнатиот национално утврден придонес беа промовирани и дискутирани со националните чинители на три виртуелни настани што се одржаа во април под хаштагот #ВозможноЕ.

УНДП започна со имплементација на неколку регионални проекти во Северна Македонија во тесно партнерство со националните институции:

- Регионален проект, финансиран од ЕУ, за поддршка на интегрирањето на Ромите повратници на Западен Балкан и Турција на пазарот на трудот во следните три години. Партнери на регионалниот проект се УНДП, Светска банка, Советот на Европа (СЕ), Иницијатива за развој на претприемништвото кај Ромите (РЕДИ) и Активна Албанија за Ромите (РАА).

- Регионалната програма за локална демократија на Западен Балкан 2 (ReLOaD2), ќе продолжи да ја јакне партиципативната демократија и интеграциските процеси за ЕУ на Западен Балкан. Програмата ќе се спроведува во седум партнерски општини, кои ќе бидат избрани преку конкурентен процес во претстојниот период, за да се институционализира механизмот за јавно финансирање на граѓанските организации на транспарентен и развојно ориентиран начин, притоа препознавајќи ги локалните потреби со примена на пристап заснован на проект.

- Прекуграничен интегриран институционален пристап во борбата против нелегалната трговија со оружје (ИАТ) и мало и лесно оружје (МЛО), како дел од континуираните

**LATEST EPIDEMIOLOGICAL DATA (6 May 2021)**

**153,137**

**5,013**

**84,817**

**Weekly new cases reported**



**Weekly deaths reported**



For latest data see covid19.who.int/region/euro/country/mk

# ДРУГИ ОН АКТИВНОСТИ (продолжува)

залохби од Патоказот за одржливи решенија за нелегално поседување, злоупотреба и трговија со мало и лесно оружје, и муниција на Западен Балкан. Проектот има за цел да се подобри прекуграничната соработка помеѓу Северна Македонија и Косово* и да се постави основата за интегриран институционален пристап во борбата против нелегалната трговија со оружје во двете земји.

Покрај тоа, мобилната апликација БИДИ БЕЗБЕДНА, за жртвите на родово базирано насилство, изработена од УНДП, Министерството за труд и социјална политика и локалните партнери, сега се користи како дел од обуката за параправници на Опции за здрав живот- Скопје (ХОПС).

**Високиот комесар за бегалци на ОН (УНХЦР)** одржаа две предавања за студентите на Правната клиника за право на бегалци во Скопје и едно предавање за студентите по политички науки на универзитетот Американ колеџ Скопје во врска со мандатот на УНХЦР, основните начела за заштита на бегалците, и работата на УНХЦР во Северна Македонија. Тоа беше искористено и како можност за вработените во УНХЦР и студентите да разменат ставови за моменталните миграциски трендови, предизвиците во заштитата на луѓето и потенцијалот на Северна Македонија како земја во која се бара азил.

**Канцеларијата на ОН за дрога и криминал (УНОДЦ)** ги поддржа националните власти за подобрено собирање информации за огнено оружје преку: УНОДЦ Прашалник за проток не нелегално оружје; заједнаката имплементација на Регионалниот патоказ за антикорупција и незаконито финансирање (Регионален патоказ); дискусии за новата иницијатива за поврат на имот, регионалниот проект за Западен Балкан за јакнење на капацитетите на земјите за поврат на приносите од извршени кривични дела. Активности исто така беа преземени за да се унапреди заедничкиот проект на УНОДЦ-ЕУ за заједнати гранични контроли, преку физичка проценка на меѓународниот аеродром во Скопје во поглед на воспоставување на заедничка работна група за забрани (JAITF) која би била дел од заедничката аеродромска меѓу-агенциска група составена од JAITF и Единицата за контрола на воздушно карго (ACCU).

СЗО организираше дискусија на округла маса со претставници од Владата, меѓународните партнери и ОН, професионалните здруженија, пациентите и граѓанските организации за наодите од извештајот „Постарите луѓе и пристапот до здравствена заштита во Северна Македонија". Во извештајот се истакнуваат информациите достапни на национално ниво во однос на демографијата на оваа група население, нивната ранливост и посебна здравствена состојба, како и потребата да се постигне универзално здравствено покритие и трансформација на здравствените услуги за обезбедување фокусирана, интегрирана здравствена заштита на поединечно ниво.

СЗО, заедно со Министерството за здравство, постојаниот координатор на ОН, УНИЦЕФ, UN Women и УНФПА го организираа одбележувањето на Светскиот ден на здравјето (7 април), со темата „Да градиме поправичен и поздрав свет". Во оваа прилика, СЗО започна кампања на социјалните мрежи со сведоштва на околу 30 истакнати поединци за подигнување на свеста за важноста на нееднаквоста во здравјето. Првиот дел од кампањата ќе се спроведува до крајот на месец мај.

## За намален ризик од катастрофи и шокови во иднина – Резултати на ОН за 2020

Годишниот извештај за резултатите на ОН за 2020 го истакнува придонесот на ОН во Северна Македонија и резултатите од работата во пет клучни области и во одговорот на здравствените и социо-економските влијанија од пандемијата со КОВИД-19. Во 2020, 24 агенции на ОН беа вклучени во развојните активности во земјата, преку директна имплементација и обезбедување техничка помош, развој на капацитети, склучување партнерства и искористување на ресурсите, социјална мобилизација, посредување во знаењето, и пилотирање и проширување на иновациите со над 200 партнери во земјата. Активностите на ОН со буџет од 40.1 милиони американски долари, од кои 35.8 милиони американски долари се потрошени (89% стапка на реализација) беа овозможени благодарение на благородниот придонес на меѓународните и локалните партнери и Владата на Северна Македонија.

Покрај амбициозните планови за 2020 – завршување на циклусот на имплементација на Партнерството за одржлив развој за 2016-2020 (ПОР), забрзување на активностите за достигнување на Целите за одржлив развој (ЦОР) до 2030 и заедничкото планирање со партнерите и луѓето од Северна Македонија на активностите во претстојните години – работата на ОН во земјата беше под огромно влијание од КОВИД-19.

ОН одлучно ја поддржаа Владата во моменталниот одговор на КОВИД-19 преку репрограмирање, координација и логистичка поддршка, како и преку политиките, и долгорочните аспекти на закрепнување во давањето одговор, од каде што произлезе и Рамката за одговор на КОВИД-19 (РОК).

Клучен аспект на работата на ОН во оваа тешка година беше тесната соработка со Владата и останатите партнери и задржувањето на фокусот на одржливиот развој и достигнувањето на ЦОР. Еден важен резултат е и подготовката и презентирањето на првиот Доброволен национален преглед на земјата, со обновена обврзаност на Агендата 2030, дури и во тешки времиња.

Подолу се дадени дел од резултатите од работата на ОН и партнерите во 2020 год:

Во рамки на поволното деловно опкружување и отворање нови и подобри работни места, ОН ја поддржаа Агенцијата за вработување (АВРМ) за проширување на капацитетите и услугите и обезбедија директна поддршка за 314 долгорочни вработувања преку различни активни мерки и работни места за 67% од повратниците; започнаа кампања за работничките права и го поддржаа развојот на Национална стратегија за вработување заснована на докази; обезбедија поддршка за политиките и практична поддршка за малите и средни претпријатија (МСП) и направија проценка на квалификациите во неколку индустрии. За да се одговори на влијанијата од КОВИД-19, ОН спроведоа брза анализа на влијанијата на пазарот на трудот и МСП, обезбедија препораки засновани на информации и докази, вклучително и целосно подготвени мерки за политики за моментален одговор, проследени со посеопфатна социоекономска проценка.

Во текот на целата година, ОН обезбедуваа директна поддршка и на најпогодените целни групи на невработени лица, преку олеснување на организираното ангажирање на 613 невработени лица да обезбедуваат социјални услуги, изработка на едношалтерски систем за МСП, олеснување на деловните можности што резултираа со 126 нови компании основани од луѓе кои ги изгубиле работните места поради кризата, и земјоделски договори со 35 локални земјоделци за да се надминат предизвиците околу производството, дистрибуцијата и пласманот на пазарот. Како резултат на тоа, владините стимулативни мерки овозможија да се ограничи севкупното влијание врз невработеноста во 2020 год., и покрај загубата од 13,8% од работно време на годишно ниво, и да се пренасочи трендот на опаѓање по силниот удар во второто тримесечје.




Во рамки на отчетното и транспарентното управување, ОН се насочија кон поддршката за подготовка на Националната стратегија за рамномерен регионален развој за 2020-2029 овозможувајќи директно учество на граѓаните во 70 од 81 општина преку „форумите за граѓаните"; ги поддржаа дигиталните решенија на локално ниво, вклучително и електронско плаќање даноци, и платформа за е-учење за сите 1,347 општински советници; јакнење на капацитетите за спроведување на законите и на социјалните служби со процедури за миграции усогласени со ЕУ, реновирање на објекти и болници, и поддршка за поефективен одговор и соработка во справувањето со нелегалната трговија на пристаништата и аеродромите, корупција, незаконити финансиски текови, и други форми на организиран криминал. Техничката поддршка за ЕУ НПАА резултираше во 60 закони усогласени со ЕУ; 600 обучени државни службеници и јавно достапен портал НПАА.

Бројни активности беа спроведени за да се обезбеди подобар квалитет на живот за сите, со посебен акцент на најранливото население. ОН дадоа поддршка за моменталниот здравствен одговор на КОВИД-19; за реформата на средното образование, образованието за возрасни и доживотното учење и за континуирано квалитетно образование преку националната платформа за учење на далечина (Едуино) за сите 300,000 ученици за време на КОВИД-19. Основни услуги беа обезбедени за семејствата со деца, лицата со попреченост, Ромите и постарите лица во над 80% од општините; три нови

социјални услуги беа дизајнирани во рамки на програмата за јакнење на жените; два нови центри за работно ориентирана рехабилитација со 20 мали отворени претпријатија од лица со попреченост; дигитализирани услуги за барање азил со пораст од 22.7% во првостепените одлуки во 2020 (4.2%, во 2019) како и бројни други активности.

Во рамки на еколошката одржливост и намалување на ризици од катастрофи, ОН се насочија на стратешка поддршка за исполнување на барањата од земјата според мултилатералните еколошки договори (климатски промени, биодиверзитет и деградација на земјиштето), намалени емисии на стакленички гас, подобрено управување со заштитените подрачја, унапредување на одрживото земјоделство, намалување на ризикот од катастрофи и справување со загадувањето на воздухот. Поради пандемијата со КОВИД-19 беа проширени активностите за моментален одговор на кризата. ОН го поддржаа процесот за прогласување на нов национален парк (Шар планина); и 3,000 хектари се во напредна фаза на консолидирање на земјиштето. Во едно село беше изграден систем за канализација и уште една пречистителна станица е во подготовка и за отстранување отпад; 46 нови или надградени хидролошки и метеоролошки станици се додадени во новата мрежа, со што во целина се подобрија капацитетите за управување со поплави во 22 општини и за дополнителни 300,000 луѓе.

Во рамки на родовата еднаквост, ОН го поддржаа усогласувањето на новиот закон за анти-дискриминација со ЦЕДАВ и Истанбулската конвенција на ОН; помогнаа во подготовката на новиот закон за родова еднаквост и соодветните документи; воведување на нови кривични дела за насилство врз жените и државно финансиран надомест за жртвите на сите насилни кривични дела, вклучително и родово базирано насилство (РБН) и семејно насилство; како и Вториот национален акциски план за Резолуцијата 1325 на Советот за безбедност на ОН. Родово одговорни принципи беа вклучени во нацрт законот за буџет, и 14 министерства и 21 општина беа поддржани со политики и буџети со „вклучена родова компонента". Родово застапување и градење капацитети беа обезбедени за 263 жени; 14 теренски организации; 2 здруженија на локални власти и над 50 граѓански организации за родово буџетирање и РБН.

Севкупниот буџет за петгодишната стратегија на ОН изнесува 130 милиони американски долари (107% од планираното). Дополнителни 30 милиони американски долари беа мобилизирани и префрлени во 2021 год. за имплементација на РСОР и за поддршка на националните стратешки приоритети, реформи и пристапните процеси на земјата во ЕУ, со посебен фокус да се обезбеди дека никој нема да заостане.

# ВО ФОКУС локално управување

„Секоја политика е локална." Децении откако ова беше изјавено во Американскиот Конгрес, тоа и понатаму е честа изрека на политичарите и креаторите на политики, препознавајќи дека успехот на политиките е директно поврзан со тоа колку добро со нив се решаваат едноставните, обичните и секојдневните загрижености на граѓаните, а кои честопати се ограничени на локално ниво. Дали оваа изјава сѐ уште важи во сѐ поглобализираниот свет, соочен со планетарни предизвици како што се пандемии и климатски промени? Ако ја разгледаме поврзаноста на локалните, регионалните, националните и глобалните проблеми, силен аргумент е дека локалната политика и локалниот развој денеска се важни како и секогаш, ако не и повеќе. Проблемите поврзани со нееднаквоста, сиромаштијата и климатските промени може да влијаат на целиот свет, и тие произлегуваат од матрицата на меѓусебно поврзаните локални и регионални проблеми кои не може да се занемарат во развојните заложби со кои се бара одржливо надминување на глобалните предизвици на денешницата. Кога правилно се работи, локалниот економски развој може да биде исто толку важен за ублажување на ефектите од климатските промени или за намалување на сиромаштијата како и за меѓународната климатска акција и трговските договори.

Соодветно на тоа, новите локални и регионални политики и стратегии станаа посензитивни на контекстот, со тенденција да се стимулира проактивноста кај локалните заедници за одржлив развој и за нивната економска, социјална и политичка иднина. Овие нови пристапи ставаат акцент на квалитативната наспроти квантитативната димензија, како што е избор помеѓу помал број високо-квалитетни работни места и голем број на нови работни места. УНДП се застапува за и ги поддржува формите за регионален развој кои ја земаат предвид квалитативната димензија, тврдејќи дека поголемата социјална и финансиска правичност и подобрениот квалитет на живот во регионите се подеднакво важни како и зголемувањето на нивото на богатство и приходи, бројот на работни места, и расположливоста на добра и услуги.

Регионалната развојна политика која има за цел да се синхронизираат развојните приоритети на Северна Македонија со стандардите на ЕУ, подразбира и соочување со бројни предизвици во поглед на новите социо-економски трендови, пролонгирана јавно-здравствена криза и продолжената дебата за поставување на целите. Фокусот и понатаму е на рамномерниот развој, иако со проширена дефиниција на правичноста каде предвид се земаат родовата нееднаквост и нееднаквоста меѓу регионите. Гледајќи нанапред, политиката за регионален развој треба да стави поголем акцент на премостување на развојниот јаз помеѓу заедниците во еден регион наместо главно да е насочена на ресурсите за надминување на диспаритетот меѓу регионите. Во Скопје, само една улица ја дели општина Центар, најразвиената општина во земјата според Индексот за општински развој на УНДП; од општината Шуто Оризари, една од најнеразвиените урбани општини.

Начинот на кој ќе се одговори на тие предизвици преку политиките ќе ја дефинира и траекторијата за локален и регионален развој во земјата. Изборот е помеѓу едноставна прераспределба со финансиска поддршка за помалку развиените региони и поопсежни решенија за ефикасност, раст и конкурентност во сите региони, независно од нивниот степен на развој или комбинација од двете.

Новата усвоена Стратегија за регионален развој за 2021-2031 и новиот Закон за рамномерен развој се очигледна заложба за подобрување на добросостојбата на луѓето и животниот стандард за сите типови на заедници, и од градовите и од руралните области, и за зголемување на нивниот придонес за севкупните остварувања во земјата. Со новата политика се истакнува важноста на поширокото учество во развојните процеси, воведување на регионални форуми за дефинирање на регионалните развојни приоритети, и со посебна насоченост на регионалната конкурентност, промовирање на неискористениот потенцијал на сите региони, наместо вообичаената насоченост кон послабите региони. По прв пат, урбаните заедници се идентификувани како посебни корисници во рамки на политиката.

Новата Програма за децентрализација и одржлив локален развој за 2021-2026 ја препознава важноста на иновативни и инклузивни пристапи за локален економски развој, заедно со потребата за зголемена резилиентност и одржлив развој на локалната самоуправа.

Преку заложбите за застапување на УНДП, овие два клучни национални документи по прв пат ја земаат предвид Агендата 2030 како рамка за формулирање, подобрување и спроведување на локалната и регионалната развојна политика и ја даваат основата за вклучување на родовите прашања во носењето одлуки и во регионалните развојни проекти, согласно на развојните политики на ЕУ. Со поддршка од донаторите (СДЦ, СИДА, ЕУ, Словачка), УНДП продолжува да го поддржува одржливиот и правичен локален и регионален развој преку поддршка за политиките, градење капацитети за подобрена испорака на услуги и директни интервенции во локалната инфраструктура за да се подобри животот на граѓаните. Платформата за е-учење веќе обезбедува дигитално учење за советниците во 81 општина; а механизмот за форуми во заедниците оснажи околу 7,000 граѓани од 24 општини за да се вклучат во планирањето на локалниот развој, од каде што произлегоа 33 интервенции во локалната инфраструктура кои беа завршени согласно приоритетите што ги поставија заедниците .

Со цел давање системски одговор на овие комплексни развојни приоритети, агенциите на ОН мора да ја комбинираат својата специјализирана експертиза за да се збогати меѓусекторскиот дијалог и координација помеѓу националните институции во поддршка на одржливи и меѓусекторски владини интервенции.

**19.6%** од граѓаните се задоволни од активностите на општината за зголемено вработување

**19.5%** од граѓаните се задоволни од заложбите на општината за унапредување и стимулирање на локалниот економски развој

**22.3%** од граѓаните се задоволни од поддршката на општината за локалните МСП.

Сите три индикатори укажуваат на незначителен пораст, споредено со истражувањето од 2019.

IPSOS – Истражување на јавното мислење за задоволството на граѓаните од услугите на локално ниво (јули, 2020)

The latest version of the Sustainable Development Bulletin is available on UN North Macedonia website. For additional information, please contact rc-northmacedonia@un.org. Produced by the UN Resident Coordinator's Office in North Macedonia | 10 May 2021

**www.un.mk**